Здружение на граѓани
ФИНАНЦЕ ТХИНК
Институт за економски истражувања и политики
Бр. 02-232/01
04.07 2018 год.
СКОПЈЕ

# ОГЛАС

## За доставување понуда за сала за настани, кетеринг и опрема за симултан превод

FINANCE THINK – Институтот за економско истражување и политики, Скопје, распишува оглас за прибирање понуди за сала за настани, кетеринг и опрема за симултан превод. Критериуми кои мора да ги исполнува подносителот на понуди се:

- Да биде во централно подрачје на град Скопје
- Да располага со паркинг простор за најмалку 30 автомобили

***Прибирањето на понудите е во рамки на проектот „Надминување на јазовите помеѓу мултинационалните компании и малите и средни претпријатија во Македонија", финансиран од Европска Унија, и поради тоа е ослободен од плаќање на данокот на додадена вредност (ДДВ).***

Секоја понуда ќе се оцени заедно со уште најмалку две други понуди, а изборот, согласно прописите на ЕУ, ќе се заснова на начелото „најдобра вредност за парите".

- Квалитетот носи максимални 70 бодови, според оценката на исполнителноста на критериумите. Finance Think го задржува правото да направи теренска проверка во оценката на квалитетот н понудата.
- Цената носи максимални 30 бодови и се оценува според формула, при што најниската понуда добива максимални 30 бодови, следната најниска 20 бодови и највисоката и сите последователно рангирани 10 бодови. Доколку две или повеќе понуди имаат ист број бодови, за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој прв ја поднел понудата.
- Доколку две или повеќе понуди имаат ист број бодови, за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој прв ја поднел понудата.

За да понудата се земе во превид, **задолжително треба да дадете понуда за трите ставки: сала за настани, кетеринг и опрема за симултан превод.**

Со избраното трговско друштво ќе се потпише приватен договор којшто ќе ги нуди услугите до истекот на договорот. Начинот на плаќањето ќе се уреди спогодбено со избраното друштво. Користењето на услугите ќе се извршува во периодот септември 2018 – декември 2019 година.

Заинтересираните трговски друштва, е потребно да го пополнат Образецот на понудата и заверен со потпис и печат, да го испратат како скениран примерок во ПДФ формат на е-адресата nabavki@financethink.mk, најдоцна до 14 јули 2018 година, 15:00 часот.

Договорниот орган може да ја поништи постапката за доделување на договор за набавка ако:

- не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива или соодветна понуда,
- настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган,
- понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот,
- поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган,
- избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот,
- други услови за кои договорниот орган соодветно ќе информира.

Здружение на граѓани - Институт за економски истражувања и политики * FINANCETHINK ФИНАНЦЕ ТХИНК Скопје

**Повик МНК-дСМЕ/01**

**НАБАВКА НА УСЛУГИ**

за

**Просторија за настани, кетеринг и опрема за симултан превод**

**1. Предмет**

Набавка бр. МНК-дСМЕ/01 од 04.07.2018

**2. Постапка**

Повик согласно внатрешните постапки на набавувачот со најмалку три понудувачи.

**3. Набавувач**

Finance Think, Skopje

**СПЕЦИФИКАЦИЈА НА НАБАВКАТА**
**4. Вид на договор:**

Глобална цена

**5. Опис на договорот**

**Со овој договор предвидена е набавка на три компоненти:**

1. **Просторија за настани**

- Просторија за 5-дневна обука, со капацитет од 30 лица.
- Просторија за 1-дневен настан, со капацитет од 60 лица, со 10-12 големи маси со столчиња
- Просторија за 1-дневен настан, со капацитет од 100 лица, со 14-16 тркалезни маси со столчиња

2. **Кетеринг**

Кетерингот вклучува кафе пауза, минерална вода, ручек и лесен кетеринг.

Кафе паузата вклучува послужување на кафе и чај, во вкупна цена.

Минералнара вода се однесува на шишиња од 1,5 литри што ќе се служат за време на обуката, и не е составен дел на кафе паузата.

Послужвањето на ручекот подразбира предјадење, главно јадење со опции без свинско и вегетаријанска храна, салати, благо и пијалоци. Ручекот ќе се служи како шведска маса.

Послужувањето на кетерингот подразбира ситни солени и благи мезалаци, кафе и пијалоци (минерална вода и сок). Кетерингот ќе се служи како шведска маса.

3. Опрема за симултан превод

Опремата за толкување вклучува 1 кабина и соодветен број на конзоли, звучници, слушалки, микрофони, техничко лице одговорно за одржување и ракување со опремата и сл. Опремата ќе се користи за време на панел дебатата и заврната конференција.

**Број на лотови**

1 (Набавката не е деллива)

**УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО**

**6. Право на учество**

На овој јавен повик можат да учествуваат субјектите што ги исполнуваат бараните спецификации.

**7. Број на понуди**

Еден субјект може да поднесе само една понуда, без разлика во која форма учествува (како индивидуален правен субјект или група на понудувачи). Доколку еден субјект поднесе повеќе од една понуда, сите понуди во кои тој субјект учествува, ќе бидат исклучени.

**8. Подизведување**

Подизведување на овој повик не е дозволено.

---

**ОРИЕНТАЦИОНА ВРЕМЕНСКА РАМКА**

**9. Ориентационен датум на почеток на спроведување на договорот**

01.09.2018 година

**10. Период за спроведување на услугата**

01.09.2018-15.12.2019

---

**КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР И ДОДЕЛУВАЊЕ**

**11. Критериуми за избор**

1. Технички и професионален капацитет на понудувачот:
   - да располага со сала со капацитет од 30, 60 и 100 лица
   - да располага со опрема за симултан превод за 100 лица
   - да биде во централно подрачје на град Скопје

- да располага со паркинг простор за најмалку 30 автомобили

**12. Критериуми за доделување**

Економски најповолна понуда („Најдобра вредност за парите“).

---

**ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДА**
**13. Рок за доставување на понудата**

14.07.2018 година, 15.00 часот.

**14. Формат на доставување на понудата**

Понудата се доставува електронски на следнава меил адреса: nabavki@financethink.mk.
Понудата се доставува во Образецот на понудата, заверен со потпис и печат, во еден примерок.
Нема да се земе предвид дополнителна документација, освен онаа што се бара со повикот.

**15. Начин на доставување на понудата**

Доставувањето на понудите се врши електронски на следнава меил адреса: nabavki@financethink.mk.
Краен рок на прием на понудите е **14.07.2018 до 15:00 часот.** Како краен рок се смета приемот на понудата во електронската пошта на набавувачот.

**Измена или повлекување на понуда**
Учесниците на повикот можат да ја изменат и дополнат или повлечат понудата до рокот за доставување на понудите. По овој рок, не може да се повлече или измени понудата.
Измените треба да се доставaт на форматот за доставување, со назнака на пликот „Измена“ или „Повлекување“.

**16. Јазик**

Сите комуникации во врска со оваа понуда треба да бидат на македонски јазик.

# ОПИС НА УСЛУГАТА

**Повик МНК-дСМЕ/01**

**НАБАВКА НА УСЛУГИ**

за

**Просторија за настани, кетеринг и опрема за симултан превод**

## 1. Општи информации

Услугата се реализира во рамките на проектот "Надминување на јазовите помеѓу мултинационалните компании и малите и средни претпријатија во Македонија" чии имплеметатори се: Finance Think – Скопје, Институт за економски истражувања и политики и Центарот за управување со промени.

Главната цел на проектот е да се воспостават и / или да се подобрат врските помеѓу домашните МСП (дМСП) и мултинационалните компании (МНК) кои работат во Македонија, со крајна цел да се зголеми конкурентноста на домашниот бизнис сектор.

## 2. Опис на услугата

Услугата вклучува три компоненти: просторија за настан, кетеринг и опрема за симултан превод.

### 2.1 Концепт

#### 2.1.1 Просторија за настан

Во рами на горенаведениот проект предвидена е организација на 5-дневни обуки, панел дебата и завршна конференција. Просториите за обука треба да бидат со капацитет за 30 лица, просториите за панел дебатата треба да бидат со капацитет за 60 лица со 10 - 12 големи маси со столчиња и просторијата за завршната конференција треба да има капацитет за 100 лица со 14- 16 тркалезни маси со столчиња.

Просториите за обука и настани мора да бидат опремени со проектор, платно и табла.

#### 2.1.2 Опрема за толкување

Опремата за толкување вклучува 1 кабина и соодветен број на конзоли, звучници, слушалки, микрофони, техничко лице одговорно за одржување и ракување со опремата и сл. Опремата ќе се користи за време на панел дебатата и заврната конференција.

#### 2.1.3 Кетеринг

Кетерингот вклучува кафе пауза, минерална вода, ручек и лесен кетеринг. Кафе паузата вклучува послужување на кафе и чај, во вкупна цена. Минералнара вода се однесува на

шишиња од 1,5 литри што ќе се служат за време на обуката, и не е составен дел на кафе паузата. Послужвањето на ручекот подразбира предјадење, главно јадење со опции без свинско и вегетаријанска храна, салати, благо и пијалоци. Ручекот ќе се служи како шведска маса. Послужувањето на кетерингот подразбира ситни солени и благи мезалаци, кафе и пијалоци (минерална вода и сок). Кетерингот ќе се служи како шведска маса.

За време на целодневниот настан- тренинг на кој ќе присуствуваат максимум 30 лица, ќе се служат 2 кафе паузи по лице и еден ручек. За време на панел дебатата и завршниот настан  на кој ќе присуствуваат максимум 60 и 100 лица, ќе се служи лесен кетеринг. Кетерингот е по лице, а нарачателот ќе ја даде официјалната бројка најдоцна три дена пред организација на настанот.

2.2 Дополнителни кретируми:

Понудувачите мора да ги исполнуваат и следниве два критериуми:

- Да бидат во централно подрачје на град Скопје
- Да располагаат со паркинг простор за најмалку 30 автомобили

**УПАТСТВО ЗА ПОНУДУВАЧИТЕ**
**Повик МНК-дСМЕ/01**

**НАБАВКА НА УСЛУГИ**

за

**Просторија за настани, кетеринг и опрема за симултан превод**

При поднесувањето на понудите, понудувачите треба да го почитуваат ова упатство, Описот на услугата и спецификациите содржани во документацијата на понудата. Неподнесувањето на сите барани информации и документација во дадениот рок може да има за последица отфрлање на понудата.

**1. Услуги за кои се врши набавка**

Бараните услуги се опишани во Описот на услугите, којшто е дел од оваа документација на набавката.

**2. Временска рамка**

| | Датум/Време |
|---|---|
| **Рок за доставување понуда** | 14.07.2018 – 15:00 h |
| **Рок за евалуација на техничките понуди** | 16.07.2018 |
| **Известување за доделување договор** | 16.07.2018 |
| **Потпишување на договорот** | 18.07.2018 |

**3. Учество**

3.1. На овој јавен повик можат да учествуваат сите субјекти што ги исполнуваат бараните спецификации.

3.2. Право на учество на овој ограничен повик немаат физички или правни лица:
− кои во последните пет години правосилно се осудени за кривично дело во врска со нивното професионално однесување;

− кои се во постапка на стечај или во постапка за ликвидација;

− на кои им е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;

− на кои им е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност;

**4. Содржина на понудите**

Понудите, целата кореспонденција и документи поврзани со оваа набавка треба да бидат на македонски јазик.
Понудата треба да содржи пополнет Образец на понуата, заверен со потпис и печат, во еден примерок.

**5. Рок на важност на понудата**
60 дена од датумот кој е означен како краен рок за доставување на понудите.

**6. Начин на доставување на понудите**
Понудата се доставува електронски на следнава електронска адреса: nabavki@financethink.mk
Нема да се земе предвид дополнителна документација, освен онаа што се бара со повикот.
Краен рок на прием на понудите е **14.07.2018 до 15:00 часот.** Како краен рок се смета приемот на понудата во електронската пошта на набавувачот.

**7. Измени и дополнувања или повлекување на набавка**
Учесниците на повикот можат да ја изменат и дополнат или повлечат понудата до рокот за доставување на понудите. По овој рок, не може да се повлече или измени понудата.
Измените треба да се достават на форматот за доставување, со назнака на пликот „Измена“ или „Повлекување“.

**8. Задржување на понудите**
Набавувачот ќе ги задржи понудите примени во постапката на оваа набавка. Понудувачите немаат право да бараат понудите да им бидат вратени.

**9. Евалуација на понудите**
Евалуацијата на понудите ќе ја изврши комисија за јавна набавка, составена од 3 члена на Finance Think, Skopje.

**9.1. Избор на најуспешен понудувач**
Изборот се заснова на начелото „најдобра вредност за парите“, притоа:

- Квалитетот носи максимални 70 бодови, според оценката на исполнителноста на критериумите. Finance Thinkго задржува правото на направи теренска контрола при оценката на квалитетот на понудата.
- Цената носи максимални 30 бодови и се оценува според формула, при што најниската понуда добива 30 поени, следната најниска 20 бодови и највисоката и сите последователни добиваат 10 бодови.
- Околку две или повеќе понуди имаат ист број на бодови, за најповолен понудувач ќе биде избран оној што прв ја поднел понудата.

**10. Доверливост**
Целата постапка на евалуација е доверлива. Комисијата за јавна набавка заседава на затворени состаноци, а нејзините одлуки се колективни.Членовите на Комисијата за јавна набавка се обврзани на тајност. Извештаите за евалуацијата и пишаните извештаи се за службена употреба.

**11. Одредби за етика/коруптивни практики**
– Секој обид од страна на понудувач да добие доверлива информација, да влезе во незаконски спогодби со други понудувачи или да влијае на Комисијата за јавна набавка односно Набавувачот во постапката на разгледување и евалуација на понудите може да има за последица отфрлање на понудата.

– Понудувачот не смее да има конфликт на интереси во однос на страните вклучени во Проектот.

– Набавувачот го задржува правото да ја поништи постапката за набавка доколку во постапката утврди суштествени грешки и неправилности.

**12. Потпишување на договорот**
**12.1. Известување за избор на најповолен понудувач**
Најповолниот понудувач ќе биде информиран по електронски пат за прифаќањето на понудата.

**12.2. Потпишување на договор и доставување документи**
Избраниот понудувач е должен да го потпише договорот во рокот наведен во овој повик.
Доколку во рокот наведен во овој повик избраниот понудувач не го потпише договорот, одлуката за доделување на договорот може да биде поништена. Во овој случај, Набавувачот може да го додели договорот на следниот најдобро рангиран понудувач. Доколку и вториот најдобро рангиран понудувач не го потпише договорот и/или не ги достави потребните документи во рок од следни два дена, Набавувачот може да го додели договорот на третиот најдобар понудувач. Во случај и третиот понудувач да не го потпише договорот и/или да не ги достави потребните документи во рок од следни два дена, постапката на набавка се поништува и се спроведува нова.

**13. Поништување на набавката**
Доколку постапката за набавка се поништи, Набавувачот ќе ги извести понудувачите за поништувањето по електронски пат.
Постапката за набавка се поништува ако:
- не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда или соодветна понуда.
- понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот.
- поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган.
- настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган.

- други услови за кои договорниот орган соодветно ќе информира.

**14. Жалби**
Во оваа постапка не се допуштени жалби на одлуката за избор на најповолен понудувач.

**15. Заштита на податоците**
Во обработката на понудите, личните податоци содржани во нив ќе се обработуваат само во функција на набавката, почитувајќи ги правилата за заштита на личните податоци.